Дневни билтени

2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023
2024

Извадок на дел од дневните настани 02.11.2024

На 01.11.2024 година во 13.20 часот во СВР Битола било пријавено дека на регионалниот пат Македонски Брод -Прилеп, на превозот „Барбарос" се случила сообраќајна несреќа, при што Е.У. (56) од Богданци управувајќи товарно моторно возило „Сканиа" со гевгелески регистарски ознаки, во сопственост на правен субјект од Богданци, загубил контрола врз возилото и излетал надвор од патот. Во несреќата од здобиените тешки повреди возачот починал на местото на настанот, а смртта е констатирана од екипа на Итна медицинска помош. Извршен бил увид од јавен обвинител и увидна екипа од СВР Битола.

На 01.11.2024 година во 14,00 часот во Полициската станица Прилеп било пријавено дека на ул. „Мице Козар" во Прилеп, Л.Т. (67) од Прилеп управувајќи тротинет марка „Чико", во обид да заобиколи товарно моторно возило, загубила контрола над мопедот и паднала на патот. Во несреќата таа се здобила со тешки телесни повреди, констатирани во Општата болница Прилеп. Извршен бил увид од увидна екипа од ОВР Прилеп.

На 01.11.2024 година во СВР Велес било пријавено дека околу 14.30 часот на улица „Методија Андонов Ченто" во Велес, се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „Пежо" со велешки регистарски ознаки, управувано од И.Д.(33) од Велес и мопед марка „Џонвеј" со велешки регистарски ознаки управувано од А.К.(55) од Велес. Во несреќата со тешки телесни повреди констатирани во Општата болница Велес - се здобил возачот на мопедот. По овластување на јавен обвинител увид извршила увидна екипа од СВР-Велес.

На 01.11.2024 година во 20.10 часот во СВР Тетово било пријавено дека на автопатот Тетово-Гостивар се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „Мерцедес" со скопски регистарски ознаки, управувано од малолетничка од село Мала Речица, тетовско, и патничко возило марка „Дачиа" со турски национални ознаки, управувано од М.Б.(52) од Гостивар. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобиле М.Б., и неговата сопатничка малолетничка од село Требош, додека пак малолетничката возач на „Мерцедесот". се здобила со телесни повреди, констатирани во Клиничката болница во Тетово. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Тетово.

На 01.11.2024 година во Полициската станица Кичево било пријавено дека околу 13.10 часот на магистралниот пат Охрид - Кичево се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „Фолксваген голф" со кичевски регистарски таблички управувано од Ш.Х.(23) од село Зајас, кичевско, и патничко возило „БМВ" исто така со кичевски регистарски таблички управувано од Б.С.(35) од Кичево. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот Ш.Х., а констатирани во Медицинскиот центар Кичево. За настанот бил изветен јавен обвинител, увид е извршен од увидна екипа од ОВР Кичево.

На 01.11.2024 година во 19.53 часот во Полициската станица Делчево било пријавено дека на регионалниот пат Делчево-Пехчево, поточно кај село Град на место викано „Преод", се случила сообраќајна несреќа во која што Д.Е. (29) од село Габрово, делчевско, управувајќи мотоцикл „хамачи" со делчевски регистарски ознаки, загубил контрола над мотоциклот и излетал од патот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобиле возачот на мотоциклот и неговиот сопатник А.А. (24) од село Град, делчевско, а констатирани во Клиничката болница во Штип. Извршен бил увид од увидна екипа од ОВР Делчево.

На 01.11.2024 година во 18.02 часот во Полициската станица Делчево било пријавено дека на регионалниот пат од село Саса кон Македонска Каменица, кај место викано „Павлиш дол", Т.С.(49) од Македонска Каменица управувајќи мотоцикл марка „Хамачи", загубил контрола над мотоциклот и излетал од патот. Во несреќата Т.С. се здобил со тешки телесни повреди констатирани во Клиничката болница во Штип. Увид бил извршен од увидна екипа од ОВР Делчево.

На 01.11.2024 година во СВР Куманово било пријавено дека околу 16.50 часот на локалниот пат во село Љубодраг, кумановско, патничко возило удрило во пешак - С.Н. (53) од село Љубодраг, а потоа возачот го напуштил местото на настанот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила С.Н., констатирани во Општата болница во Куманово. За настанот е запознат надлежен ЈО и бил извршен увид од страна на увидна екипа од СВР Куманово.

Денеска (02.11.) во 01.20 часот во Скопје, на подрачјето на Центар, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода Д.М.(37) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 01.11.2024 година во 13.20 часот во Скопје, на подрачјето на општина Аеродром, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода А.Ј.(21) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 01.11.2024 година во 15.45 часот во Скопје, на подрачјето на Шуто Оризари, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ги лишиле од слобода Л.Х.(22) и Р.М.(27) двајцата од Скопје, затоа што кај нив била пронајдена и одземена прашкаста материја како и алуминиумска фолија со непозната течна материја. По целосно документирање на случајот ќе следуваатсоодветени поднесоци.

На 01.11.2024 година околу 21,00 часот од страна на полициски службеници од СВР Битола кај месноста викана „Стара касарна" во Битола од слобода биле лишени К.Б. (19), К.Е.(22) и 17 годишен малолетник сите од Битола. При преглед кај истите била пронајдена наркотична дрога - марихуана. По документирање на настанот против истите ќе следува соодветна пријава.

На 01.11.2024 година во 19.35 часот, на регионалниот пат Охрид-Струга, кај селото Подмољје, лишен од слобода е К.В.(36) од Охрид. При извршен преглед на местото околу неговото моторно возило „Шкода" каде бил сопрен, полициските службеници од Одделението за недозволена трговија со дрога при СВР Охрид, пронајдоа и одзедоа паковка со бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот, против него, ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 01.11.2024 година во 13.45 часот во Полициската станица Гази Баба, Т.Л.(54) од Скопје пријавил дека на ул.„Интернационални бригади" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 01.11.2024 во 14.00 часот во Скопје, на подрачјето на Центар, Е.Д.С.(41) од Скопје пријавила дека на подрачјето на Центар во Скопје била касната од куче скитник.

Денеска (02.11.) во 00.30 во Полициската станица Гази Баба, Д.Ј. пријавил дека на ул. „Методија Анодонов Ченто" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 01.11.2024 година, околу 20.15 часот, во ПС Штип дошол Ф.З. (25) од Штип и пријавил дека ја убил неговата партнерка Е.П. од Штип и посочил дека телото се наоѓа во објект во Штип. Од страна на полициски службеници телото е пронајдено и предадено за обдукција. Извршен е увид на местото на настанот, во присуство на дежурен јавен обвинител, а Ф.З. е лишен од слобода и по документирање на случајот против него ќе биде поднесена кривична пријава.

На 01.11.2024 година околу 19,00 часот, од Ургентен центар Мајка Тереза во СВР Скопје е пријавено дека со повреди од огнено оружје биле донесени С.А. и А.А. од село Арачиново, скопско. Од здобиените повреди С.А. починал, и телото е предадено за обдукција. Според пријавеното, во нив во с. Арачиново било пукано со огнено оружје од страна на две лица кои биле со возило марка „Ауди". Од страна на полициски службеници од СВР Скопје во текот на ноќта едно од лицата кое учествувало во пукањето било приведено и во содејство со ОЈО денеска ќе биде поднесена кривична пријава и ќе биде изведено пред суд. За второто лице веќе е распишана потерница и се преземаат мерки за негово пронаоѓање.

На 01.11.2024 година во 08.48 часот во СВР Скопје, А.С.Б.(54) од Скопје пријавила дека истиот ден околу 07.50 част на подрачјето на Центар, едно лице со употреба на физичка сила се обидело да и ја одземе чантата, а потоа ја турнало на земја. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.11.2024 година во 13.45 часот во СВР Скопје, П.В.(26) од Скопје пријавил дека истиот ден околу 13.00 часот на подрачјето на Центар, а по претходно недоразбирање околу паркинг место, бил физички нападнат од В.Р.(67) од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 01.11.2024 година во 18.40 часот во Скопје, полициски службеници од Полициската станица Центар, постапувајќи по претходна пријава ја привеле И.Д.(35) од Скопје, поради тоа што истиот ден околу 17.40 часот во казино на подрачјето на Центар, таа и лицето Г.Г. од Скопје го нарушиле јавниот ред и мир со меѓусебна физичка пресметка. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 01.11.2024 година во 21.05 часот во Скопје, постапувајќи по претходна пријава, полициски службеници од Полициската станица Кисела Вода извршиле службен разговор со Д.М.(63) од Скопје, поради тоа што истиот ден околу 14.00 часот во семејниот дом на подрачјето на Гази Баба тој физички ја нападнал својата 52-годишна сопруга. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 01.11.2024 година во 11.50 часот во СВР Скопје, 27-годишна жена од Скопје пријавила дека истиот ден околу 06.50 часот на подрачјето на Горче Петров била удрена од патничко возило кое било управувано од нејзиниот поранешен вонбрачен партнер В.К.(22) од Скопје. Се работи на целосно расчистување на случајот.

На 01.11.2024 година во 13.30 часот во СВР Скопје, Х.Ј.(33) од Скопје пријавила дека на 29.10.2024 околу 00.30 часот во казино на подрачјето на Бит Пазар, додека била на своето работно место, лицето А.Ќ. (32) од Скопје и упатувал закани, оштетувал дел од инвентарот и фрлал со предмети кон истата, а со тоа ја загрозил нејзината сигурност по живот. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 01.11.2024 во 21.25 часот полициски службеници од ОВР Неготино го лишиле од слобода Ц.Ј.(66) од неготинско село, затоа што во семејниот дом физички ја нападнал неговата 63-годишна сопруга. Ц.Ј. бил задржан во полициска станица, а за настанот известен бил јавен обвинител и по документирање на случајот против Ц.Ј. ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет